**Студентски информатор за Медицински факултет и тригодишни студии на св.Кирил и Методиј Универзитет, Скопје, Македонија**



# Листа на професори на Медицински факултет, Декан, Продекани, секретар

## Порака од деканот



> *"The good physician treats the disease; the great physician treats the patient who has the disease."* William Osler

Почитувани студенти,

Веќе седум децении, Медицинскиот факултет, зазема значајно место во образовниот, научниот и здравствениот развој на Република Македонија. Факултет кој во континуитет ја покажува својата висока компетентост, нудејќи го несебично својот интелектуален потенцијал во областа на медицината.

Во целиот изминат период, Медицинскиот факултет со историја стара колку и Женевската заклетва, како високообразовна институција покажува видливи достигнувања на полето на наставата, науката и здравството. Бројните генерации ја оправдаа довербата влеана од нивните претходници. Сите тие заедно ја испишаа медицинската историја, создавајќи денес поле за развој на сегашните и на многу идни генерации. Привилегија на сегашните генерации студенти на Факултетот е да студираат во престижна институција, градена и развивана во изминатите седум децении.

Ќе започнете со едно возбудливо, ново искуство што никогаш нема да го заборавите. Ќе се придружите на една елитна група на луѓе, големото академско семејство од над 13.000 дипломирани студенти кои своето образование го стекнале на нашиот Факултет. Ќе бидете постојано фасцинирани од медицината, и од денес сè до крајот на работниот век, ниту еден ден нема да помине без предизвик. Ќе ги решавате проблемите за доброто на пациентите.

Без оглед на тоа која студиска програма на нашиот факултет сте ја избрале како ваша животна професионална определба вие мора да бидете во чекор со современите достигнувања во својата струка и постојано да работите и да се едуцирате. Никогаш немојте да мислите дека знаете се, останете скромни, останете отворени за учење и, пред сè, научите да работите во тим и да го споделувате освоето знаење.

Да се биде здравствен работник и лекар е чест, но и огромна одговорност, и таа одговорност треба да се првеземе. И колку и да е тешко, вреди, бидејќи секој ден ќе имате шанса да направите позитивна разлика во животот на пациентите и нивните семејства. Развијте го односот со пациентите, грижете се за нив, сочувствувајте.

Проф. д-р Соња Топузовска, декан

I.

**Управување и раководење со Медицинскиот факултет**

### Декан на Факултетот

Проф. д-р Соња Топузовска

### Продекани на Факултетот

Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, продекан за настава
Проф. д-р Ана Данева Маркова, продекан за здравство
Проф .д-р Розалинда Попова Јовановска, продекан за наука
Проф. д-р Златко Јаќовски, продекан за финансии

### Деканска управа

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот и има 11 члена.
Деканатската управа ја сочинуваат:

- деканот;
- продеканите;
- еден раководител на катедрите од хируршките гранки на медицината (хирургија, ОРЛ, офталмологија, ортопедија, анестезиологија и реанимација, гинекологија и акушерство);
- еден раководител на катедрите од интернистичките гранки на медицината (радиологија, интерна медицина, педијатрија, дерматовенерологија, неврологија, инфектологија, онкологија, трансфузиологија, физикална медицина, психијатрија, примарна здравствена заштита);
- еден раководител на катедрите од базичните гранки на медицината кои немаат апликативни дејности и превентивни гранки (анатомија, медицинска етика и медицинска хемија социјална медицина, епидемиологија, хигиена и медицина на трудот);
- двајца раководители на институтите кои вршат здравствена дејност (патологија, микробиологија и паразитологија, судска медицина, патофизиологија, физиологија, фармакологија со токсикологија, имунологија, биохемија, хистологија со ембриологија, нуклеарна медицина);
- претседателот на Студентскиот парламент.

### Секретар на Факултетот

Горан Нелоски, дипломиран правник